Министерство за култура
НАЦИОНАЛНА
КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО

Канцеларија во
Венеција

Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА
КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**Регионална средба**
***“Превенција од нелегална трговија***
***и други противправни дејствија со културни добра”***
Охрид, 15-18 Март, 2006



Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, во соработка со Националната комисија на УНЕСКО за РМ, поддржани од страна на УНЕСКО - Канцеларијата во Венеција, организира регионална средба на тема *“Превенција од нелегална трговија и други противправни дејства со културни добра”* која се одржа во хотел “Метропол” - Охрид од 15-18/03/2006 год.



На средбата зедоа учество претставници на институциите вклучени во процесите на спречување на нелегалната трговија со културни добра во земјите од Југоисточна Европа (Албанија, Србија и Црна Гора, Хрватска и Македонија), како и претставници од ИНТЕРПОЛ - Лион, Командата на карабињерите од Италија и УНИДРУА - Италија. Претставниците од земјите учеснички ја презентираа моментната состојба како и идната стратегија на својата земја по предложените теми:



- Меѓународни стандарди и нивната компатибилност;
- Систем на безбедносна заштита на културното наследство и меѓуинституционална координација;
- Дијагноза и прогноза – елементи на превентивна безбедносна стратегија;



- Одговорност и контрола во професионализмот при управување со ризиците;
- Казнено законодавство и криминалистичка политика;
- Криминалистичко-криминолошки истражувања и превенција на културното наследство;
- Спасени културни добра;

Целта на Средбата беше унапредување на регионалната соработка на надлежните институции (полицијата, царината, институциите од културата и










др.) во процесите на спречување на недозволената трговија со културните добра и претставување на најдобрите искуства од земјите учеснички, на тој начин поддржувајќи ги процесите на ратификација на конвенциите на УНЕСКО и УНИДРУА за украдени и незаконски извезени културни добра.

Согледувајќи ја сериозноста на проблемот на нелегална трговија со културни добра, како и меѓународната димензија на овој проблем, недоволната регионална соработка и потешкотиите во меѓуинституционалната соработка меѓу органите и институциите во областа на културата, полицијата, царината и судските власти, средбата резултираше со финален документ за превземање на дејства против нелегалната трговија со културните добра.

Документот беше поддржан и прифатен од страна на учесниците на средбата и истиот ќе биде достапен за јавноста, во неговата крајна официјална верзија на: **www.uzkn.gov.mk**

Покрај формално осмислената содржина на средбата, беше организирана и посета на значајни споменици на културата во Охрид: Античкиот театар, црквите Св.Пантелејмон на Плаошник, Св. Богородица Перивлепта, Св. Софија, галеријата на икони, куќата на Робевци …

Од особена важност е што оваа регионална средба е целосно финансиски поддржана од УНЕСКО-канцеларијата во Венеција и претставува значаен чекор во борбата со нелегалната трговија со културните добра.

